РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
бр.-Nr 01-108/1
20.02. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP


НУ Оркестар за џез музика
на Република Северна Македонија
бул. "Гоце Делчев" бр.4,
1000 Скопје
Контакт: 078302058


Врз основа на член 28 став (2) алинеја 3 и член 70 став (7) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 265/24, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/24), Одлука на министерот за култура и туризам за избор на национални установи во 2025 година на кои работењето ќе се финансира со делегиран буџет бр. 53-744/1 од 29.01.2025 година, Решение на министерот за култура и туризам бр. УП1 21-599/2024 од 05.02.2025 година и Одлука за согласност за носење на Годишна програма за работа на Управниот одбор на НУ Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија бр. 02-102/3 од 20.02.2025 година, директорот на НУ Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија ја донесе следната:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2025 ГОДИНА НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I. МУЗИЧКО И МУЗИЧКО-СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ

Буџетска програма 40 – музичка и музичко – сценска дејност – вкупен износ 7.000.000 денари за проекти:1.**Џез лектира: Quintessence by Quincy Jones –** Концерт кој го покрива значајниот биг-бенд опус на Квинси Џонс, почнувајќи од неговиот прв албум издаден во 1959 година, како и ексклузивни неиздадени аранжмани; негови аранжмани за Френк Синатра и оркестарот на Каунт Бејси, како и биг-бенд аранжмани на композиции од подоцнежниот поп период кога Квинси доминира како аранжер и продуцент.

2. **Cuban Fire –** Неверојатно музичко доживување што се фокусира на афро-кубанската музика и ги спојува биг-бенд музиката со кубанските ритми и мелодии. Репертоарот вбројува дел од најзначајните композиции на Стен Кентон, вклучувајќи го и албумот Cuban Fire, вистинско биг-бенд ремек-дело.

3.**Fado Saudade** - National Jazz Orchestra featuring Maria Mendez (Фадо носталгија - Национален Џез Оркестар и Мариа Мендес) – Овој фадо-џез проект е уникатно музичко искуство кое комбинира елементи од фадо и џез музика. Проектот успешно ги спојува двата жанра во хармонична целина.

4.**Чествување на Зоран Маџиров (Шишарот) –** Концерт посветен на делото на Зоран Маджиров, со оригинални композиции и нови аранжмани. "Tribute to Zoran Madzirov", е посветен на најзначајните дела и влијателниот придонес на Зоран Маџиров во музичката сцена.

5.**Македонски Rock Swings –** Џез аранжмани на познати македонски рок хитови, изведени во уникатен стил.

6. **Fusion Grooves –** Експериментален проект кој комбинира различни музички стилови и модерни џез елементи.

НУ Оркестар за џез музика
на Република Северна Македонија
бул. "Гоце Делчев" бр.4,
1000 Скопје
Контакт: 078302058

7. **Концерт на Национален џез оркестар со Курт Росенвинкел** – Проектот вклучува специјален концерт на кој Курт ќе ги изведе своите аранжмани, нарачани од страна на Jazz at Lincoln Center Orchestra под водство на Винтон Марсалис. Станува збор за десет оригинални композиции на Курт, кои тој ги аранжираше за 18-член биг бенд.

8. **Концерт на Национален џез оркестар со Renato Chicco** – Концерт под диригентската палка на Зиги Фајгл, со Ренато Чико, кој ќе настапи за прв пат со нашиот оркестар како солист на органа (Хамонд), изведувајќи авторски материјал.

9. **Miracles** – Лана Јањанин и Дина Ризвиќ ќе се претставaт на македонската публика со проектот Miracles, покрај тоа што се одлични вокални солистки, се јавуваат и како аранжери на композициите што ќе бидат изведени.Sean Kuti – Специјален настан со настап на Шон Кути, носејќи ја енергијата на афробитот во џез контекст.

10. **Национален Џез Оркестар со Pierre Millet** – Концертна изведба на дела од Пјер Миле, спојувајќи класични и современи џез влијанија.

11.**Национален Џез Оркестар и Студенти** – Настап на оркестарот заедно со млади таленти, со цел промоција на нови генерации музичари. Проектот ќе преставува спој на искуството и талентот на младите џез музичари.

12. **Новогодишен Детски Џез Концерт**– Забавен музички настан наменет за најмладите, со празнична атмосфера.

13. **Национален Џез Оркестар и Sean Kuti - Настап на Охридско Лето** – Престижен концерт на фестивалот Охридско Лето, претставувајќи ја македонската џез сцена пред интернационална публика. Концерт преку кој Шон Кути, познатиот нигериски музичар и активист, го претставува својот нов проект кој ја комбинира традиционалната афробит музика со современи звуци и социјално свесни текстови.

14. **Настап на Скопје Џез Фестивал** – Учество на еден од најпрестижните џез фестивали во регионот, со уникатен репертоар.

## II . КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ

Буџетска програма 70 – културно уметнички манифестации – износ 1.500.000 денари за:

**Фестивал „Today It's All About Jazz"**

Фестивалот „Today It's All About Jazz" ќе ги собере најдобрите џез артисти од регионот, понудувајќи богата програма која ќе ги претстави најразновидните изведувачи и стилови на современата џез сцена.

- Jojo Band – Република Бугарија
- Бојан Цветковиќ Квартет – Србија

НУ Оркестар за џез музика
на Република Северна Македонија
бул. "Гоце Делчев" бр.4,
1000 Скопје
Контакт: 078302058

- Христијан Ристески Квартет – Македонија/Австрија
- Драган Трајковски – Фис - Трио Драгоберт feat Milagros Pinera
    - Brian Marsella - Америка

## III . МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Буџетска програма 90 – меѓународна соработка – износ 2.000.000 денари за:

On The Road

- Гостување на Националниот Џез Оркестар во Србија, Хрватска, Бугарија и Австрија

ВКУПЕН ИЗНОС ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НУ ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА СО СРЕДСТВА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ – 10.500.000 (десет милиони и петстотини илјади) денари.

НУ Оркестар за џез музика
на Република Северна Македонија
Директор

Гоце Стевковски